РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3764/3
25-10-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 94-та седница одржана на ден 13.10.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-3764/1 од 26.07.2023 година, со наводи за несовесно и злоупотреба на службената должност од страна на Директорот на --------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по истите наводи ДКСК постапил во друг предмет и има донесено одлука.

Предметот со број 12-3764/1 од 26.07.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 26.07.2023 година од страна на непознат подносител, доставена е пријава заведено под број 12-3764/1, со наводи за злоупотреба на службената должност и овластување од страна на Директорот на ---------------------------------------.

Подносителот во пријавата наведува наводи против Директорот на ---------------------------------, кои се нејасни, нецелосни и не се конкретно објаснети.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што по истите наводи ДКСК веќе има постапено и ги има донесено следните одлуки со бр.--------- во 13.05.2022 година и одлука бр.---------- од 29.12.2021 година, по што оцени да одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ф.Ј., советник
Одобрил: Ш.С., член на ДКСК